**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр.** 03-59
28.02.**2020 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20), во врска со член 98 став 2 од истиот Закон, член 14 став 4 од Правилникот за нови рекламни техники („Службен весник на Република Македонија" бр.56/15), точка 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, Коригираниот писмен извештај за извршен програмски надзор наш арх.бр.10-471/2 од 10.02.2020 година, а во согласност со Заклучокот бр.02-320/4 од 24.01.2020 година, поради непочитување на правилата за нови рекламни техники од страна на Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 11-та седница одржана на 28.02.2020 година согласно Заклучокот бр.02-885/16 од 28.02.2020 година, го донесе следното:

## Решение
## за преземање мерка – јавна опомена

**1.** ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, заради извршена повреда на член 98 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на член 14 став 4 од Правилникот за нови рекламни техники, на начин што во рамките на својот телевизиски програмски сервис на 19-ти јануари 2020 година, во забавно информативната емисија „Најдобриот работник" и во дебатната емисија „Што не е јасно", емитуваше (поп-ап) реклами на поделен екран, меѓу кои не е поминат пропишаниот период од најмалку 15 минути, и покрај тоа што за истата повреда од Законот и Правилникот, наведениот радиодифузер јавно е опоменат со Решение за изрекување мерка – јавна опомена (Уп1 бр.03-512 од 10.12.2019 година) и му се наложи во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на решението, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот и Правилникот, а со контролниот програмски надзор извршен на 10-ти февруари 2020 година врз телевизискиот програмски сервис на истиот, емитуван на 19-ти јануари 2020 година на државно ниво, е констатирано дека не постапил по цитираното Решение за изрекување мерка – јавна опомена и не ја отстранил извршената повреда на член 98 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на член 14 став 4 од Правилникот за нови рекламни техники, и тоа:

- во забавно информативната емисија „Најдобриот работник", со период на емитување од 12:13:04 до 12:54:49 часот, емитувани се поп-ап реклами со наслов: „Супер Кит Го - Маркети" во периодот од 12:25:44 до 12:25:52 часот, „Супер Кит Го - Маркети" во периодот од 12:39:28 до 12:39:36 часот, Ресторан „Градина" во периодот од 12:48:05 до 12:48:12 часот, „Супер Кит Го – Маркети", во периодот од 12:49:11 до 12:49:18 часот, „Гогов" Хотел во периодот од 12:50:39 до 12:50:46 часот, „Астера" апарт хотел, во периодот од 12:51:12 до 12:51:19 часот, „Завар", во периодот од 12:51:37 до 12:51:44 часот; и

- во дебатната емисија „Што не е јасно“, со период на емитување од 17:53:28 до 19:09:00 часот, емитувани се поп-ап реклами со наслов: „Авангард“ во периодот од 19:04:16 до 19:04:25 часот и „Пекабеско“, во периодот од 19:05:45 до 19:05:55 часот.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е по наслов на емисијата, период на емитувањето (почеток и крај) и опис на прекршувањето во Коригираниот писмен извештај за извршен програмски надзор, бр.10-471/2 од 10.02.2020 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. Имајќи предвид дека Решение за изрекување мерка – јавна опомена (Уп1 бр.03-512 од 10.12.2019 година) е донесено во 2019 година, а согласно Коригираниот писмен извештај за извршен програмски надзор наш арх.бр.10-471/2 од 10.02.2020 година прекршувањето од точка 1. на ова Решение е сторено на 19 јануари 2020 година, на Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, согласно Заклучокот на Советот на Агенцијата бр.02-320/4 од 24.01.2020 година, МУ СЕ НАЛОЖУВА во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за нови рекламни техники.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во Архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

## **О б р а з л о ж е н и е**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерка - решение за јавна опомена согласно со овој Закон, во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и подзаконските акти донесени врз основа на истиот, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Советот на Агенцијата презема мерка – поведување прекршочна постапка во случај кога и покрај изречената јавна опомена не го прекине прекршувањето и продолжува со вршење на истата повреда за која е опоменат, во рок утврден од страна на Советот на Агенцијата согласно одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (член 23 став 1 алинеја 2 од ЗААВМУ). Согласно Заклучокот на Советот на Агенцијата бр.02-320/4 од 24.01.2020 година, за констатираните прекршувања во тековната година за кои веќе биле изречени мерки во претходната година, Советот на Агенцијата повторно ќе изрече мерка јавна опомена според роковите утврдени во Упатството за определување на рокот за постапување по Решенијата на Агенцијата бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги преку Секторот за програмски работи, на 10-ти февруари 2020 година, изврши контролен програмски надзор (мониторинг) на телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 19-ти јануари 2020 година, на државно ниво, при што констатираше прекршување на членот 98 став 2 од

Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на членот 14 став 4 од Правилникот за нови рекламни техники.

Имено, врз основа на надзорот констатирано е дека на 10-ти февруари 2020 година на телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 19-ти јануари 2020 година, во забавно информативната емисија „Најдобриот работник“ и во дебатната емисија „Што не е јасно“, емитуваше (поп-ап) реклами на поделен екран, меѓу кои не е поминат пропишаниот период од најмалку 15 минути, и покрај тоа што за истата повреда од Законот и Правилникот, наведениот радиодифузер е јавно опоменат со Решение за изрекување мерка – јавна опомена (Уп1 бр.03-512 од 10.12.2019 година) и му се наложи во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на решението, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот и Правилникот, а со контролниот програмски надзор извршен на 10-ти февруари 2020 година врз телевизискиот програмски сервис на истиот, емитуван на 19-ти јануари 2020 година на државно ниво, е констатирано дека не постапил по цитираното Решение за изрекување мерка – јавна опомена и не ја отстранил извршената повреда на член 98 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на член 14 став 4 од Правилникот за нови рекламни техники, и тоа: во забавно информативната емисија „Најдобриот работник“, со период на емитување од 12:13:04 до 12:54:49 часот, емитувани се поп-ап реклами со наслов: „Супер Кит Го - Маркети“ во периодот од 12:25:44 до 12:25:52 часот, „Супер Кит Го - Маркети“ во периодот од 12:39:28 до 12:39:36 часот, Ресторан „Градина“ во периодот од 12:48:05 до 12:48:12 часот, „Супер Кит Го – Маркети“, во периодот од 12:49:11 до 12:49:18 часот, „Гогов“ Хотел во периодот од 12:50:39 до 12:50:46 часот, „Астера“ апарт хотел, во периодот од 12:51:12 до 12:51:19 часот, „Завар“, во периодот од 12:51:37 до 12:51:44 часот; и во дебатната емисија „Што не е јасно“, со период на емитување од 17:53:28 до 19:09:00 часот, емитувани се поп-ап реклами со наслов: „Авангард“ во периодот од 19:04:16 до 19:04:25 часот и „Пекабеско“, во периодот од 19:05:45 до 19:05:55 часот.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е по наслов на емисијата, период на емитувањето (почеток и крај) и опис на прекршување во Коригираниот писмен извештај за извршен програмски надзор, бр.10-471/2 од 10.02.2020 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Согласно член 23 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата до Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје на 12.02.2020 година, испрати Допис Уп1 бр.03-59 од 12.02.2020 година, со кој му го достави Коригираниот писмен извештај за извршен програмски надзор, бр.10-471/2 од 10.02.2020 година, со цел во рок од 7 (седум) работни денови од денот на приемот на дописот, до Советот на Агенцијата да достави изјаснување во писмена форма за стореното прекршување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за нови рекламни техники. На 12.02.2020 година, Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, до Агенцијата достави Писмено изјаснување бр.03-35 од 12.02.2020 година (Уп1 бр.03-59 од 12.02.2020 година). Советот на Агенцијата на 11-та седница одржана на 28.02.2020 година, го разгледа предметниот Писмен извештај и заклучи на Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје да му се изрече мерка – јавна опомена.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Закон за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20) и Заклучокот бр.02-320/4 од 24.01.2020 година, а во врска со член 98 став 2 од истиот Закон, член 14 став 4 од Правилникот за нови рекламни техники („Службен весник на Република Македонија“ бр.56/15), точка 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Коригираниот писмен извештај за извршен програмски надзор бр.10-471/2 од 10.02.2020 година, поради констатирано непочитување на одредбите на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за нови рекламни техники, утврдено во точка 1 на ова Решение, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 11-та седница одржана на 28.12.2020 година согласно Заклучокот бр.02-885/16 од 28.02.2020 година, донесе Решение со кое јавно се опоменува Трговското

радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје и му се наложува, во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за нови рекламни техники. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Совет,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**

1) Коригиран писмен извештај за извршен програмски надзор, бр.10-471/2 од 10.02.2020 година

**Доставено до:**
- Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје;
- Управителот на Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје;
- Одговорното лице на програмата во Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје;
- Секторот за правни работи;
- Секторот за програмски работи; и
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп1.

10.02.2020
10 471 2

**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), се доставува:

**КОРИГИРАН ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** Контролен;
2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје;
3. **Период опфатен со надзорот:** 19 јануари 2020 година;
4. **Датум на извршување на надзорот:** 10 февруари 2020 година;
5. **Предмет на надзорот:**
   - **Член 98 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (правила за емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации - нови рекламни техники);
   - **Правилник за нови рекламни техники** („Службен весник на Република Македонија" бр. 56/15);

6. **Претходно изречена мерка:**

*На 10.12.2019 година, за непочитување на членот 98 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на член 14 став 4 од Правилникот за нови рекламни техники, Советот на Агенцијата донесе решение за изрекување мерка – јавна опомена (Уп1 бр.03-512, од 10.12.2019 година) на Трговско радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје.*

*Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на решението (18.12.2019 година), да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

7. **Констатации од надзорот:**

Со контролниот програмски надзор врз телевизискиот програмски сервис на ТРД АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 19 јануари 2020 година, на државно ниво, **констатирано е дека радиодифузерот не постапил по решението за изрекување мерка – јавна опомена, односно - не ја отстранил извршената повреда на членот 98 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно на членот 14 став 4 од Правилникот за нови рекламни техники.**

Во програмата од 19 јануари 2020 година, во забавно информативната емисија „Најдобриот работник" и во дебатната емисија „Што не е јасно", спротивно на членот

14 став 4 од Правилникот за нови рекламни техники, беа емитувани (поп-ап) реклами на поделен екран, меѓу кои не минува пропишаниот период од најмалку 15 минути.

| Наслов на емисијата | Период на емитувањето | |
|---|---|---|
| | **Почеток** | **Крај** |
| **Рекламирање на поделен екран** | | |
| **„Најдобриот работник "** | **12:13:04** | **12:54:49** |
| *Супер Кит Го - Маркети* | 12:25:44 | 12:25:52 |
| *Супер Кит Го - Маркети* | 12:39:28 | 12:39:36 |
| *Ресторан „Градина"* | 12:48:05 | 12:48:12 |
| *Супер Кит Го - Маркети* | 12:49:11 | 12:49:18 |
| *„Гогов" Хотел* | 12:50:39 | 12:50:46 |
| *„Астера" апарт хотел* | 12:51:12 | 12:51:19 |
| *„Завар"* | 12:51:37 | 12:51:44 |
| | | |
| **„Што не е јасно "** | **17:53:28** | **19:09:00** |
| *Авангард* | 19:04:16 | 19:04:25 |
| *Пекабеско* | 19:05:45 | 19:05:55 |
| | | |
| **Опис на прекршувањето:** Во наведените програмски целини се емитувани поп-ап/реклами на поделен екран меѓу кои не минува пропишаниот период од најмалку 15 минути. | | |

8. Опис на прекршувањето:

**Спротивно на членот 98 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и на членот 14 став 4 од Правилникот за нови рекламни техники**, на програмскиот сервис на ТРД АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, од 19 јануари 2020 година, во забавно информативната емисија „Најдобриот работник" и во дебатната емисија „Што не е јасно", беа емитувани реклами на поделен екран (поп-ап), меѓу кои не минува пропишаниот период од најмалку 15 минути.

9. **Предлог мерка:**

И покрај решението за изрекување мерка јавна опомена донесено на 10.12.2019 година, ТРД АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, не ја отстрани повредата, односно продолжи со вршење на истата повреда на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на Правилникот за нови рекламни техники.

Оттаму:

- Во согласност со член 23 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Заклучокот бр. 02-320/4 од 24.01.2020 година, Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на ТРД АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, и во согласност со точката 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр. 01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 15 дена од денот на приемот на

решението да го усогласи своето работење со одредбите на членот 98 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за нови рекламни техники; и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***